***УСОГЛАСЕН ТЕКСТ НА ЗАКОН СО ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА***

# ЗАКОН ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**(„СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“**

**бр. 24/2021 и 174/2021**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Содржина на законот

### Член 1

Со овој закон се уредуваат целите, начелата и носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој, планирањето на регионалниот развој, финансирањето и распределбата на средства за поттикнување на рамномерниот регионален развој, следењето и оценувањето на спроведувањето на планските документи и проекти и други прашања поврзани со регионалниот развој.

### Поимник

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „Регионален развој“ е долгорочен процес на унапредување на одржливиот економски и социјален развој на државата, а се остварува преку идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони, урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и селата;

2) „Рамномерен регионален развој“ е процес на планирање на регионалниот развој насочен кон намалување на диспаритетите во степенот на развој во и меѓу планските региони со цел остварување на рамномерен и одржлив развој на регионите;

3) „Политика за поттикнување рамномерен регионален развој“ е систем на цели, инструменти и мерки насочени кон намалување на диспаритетите во степенот на развиеност во и меѓу планските региони и остварување на рамномерен и одржлив развој во Република Северна Македонија;

4) „Плански регион“ е функционално територијална единица за статистика на трето ниво согласно со Номенклатура на територијалните единици за статистика НТЕС - 3 воспоставена за потребите на планирање на развојот и за реализација на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој;

5) „Планирање на регионалниот развој“ е процес на утврдување на реални и кохерентни цели, приоритети и мерки за поттикнување на развојот;

6) „Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија“ е долгорочен плански документ со кој се утврдуваат принципите, целите и приоритетите на регионалниот развој во Република Северна Македонија и се дефинираат мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација;

7) „Програма за развој на планскиот регион“ е среднорочен плански документ во кој се утврдуваат развојните цели на планскиот регион и мерките, инструментите и финансиските и други средства за нивна реализација;

8) „Програма за рамномерен регионален развој“ е документ за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија;

9) „Акционен план“ е спроведбен документ, кој служи за операционализација и спроведување на програмата за развој на планскиот регион и овозможува целосен преглед на структурата на сите мерки, односно нивна разработка и преглед на сите активности и проекти за период од една година;

10) „Развоен проект“ е проект за изградба/реконструкција на комунална, социјална и друга инфраструктура, изградба и јакнење на научните и културни институции и други проекти кои влијаат врз регионалниот развој и регионалната конкурентност;

11) „Регионален проект“ е развоен проект кој произлегува од Програмата за развој на планскиот регион, придонесува за користење на неговите развојни потенцијали и има пошироко влијание врз развојот на регионот и надвор од него;

12) „Секторски проект“ е развоен проект кој се спроведува во согласност со развојна програма на одредено надлежно министерство, во функција на постигнување на целите од делокругот на работа на надлежното министерство и има значително влијание во спроведувањето на развојните приоритети на планскиот регион;

13) „Развоен индекс“ е композитен индикатор кој се пресметува како пондериран просек од стандардизирани вредности од повеќе економско-социјални и демографски индикатори, со цел определување на степенот на развиеност на планските региони;

14) „Мерки“ се акти на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој;

15) „Урбани подрачја“ се урбаните агломерации и помалите агломерации, утврдени како општини со седиште во град, општините во градот Скопје и градот Скопје; (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

16) „Одржлив урбан развој“ е процес на развој на урбаните подрачја кој се остварува преку мерки за нивна изградба и обнова, комбинирани со мерки за унапредување на образованието, економскиот развој, социјалната инклузија и заштита на животната средина, во партнерство со засегнатите страни; ( **ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

17) „Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија“ е тело за усогласување и координирање на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој и

18) „Совет за развој на планскиот регион“ е тело за усогласување и спроведување на политиката за развој на планскиот регион.

## II. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

### Цели

### Член 3

Цели на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој се:
- рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Северна Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој,
- намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани,
- зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони,
- зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој,
- развој на урбаните подрачја, (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)
- развој на подрачјата со специфични развојни потреби, (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

- развој на селата и
- поддршка на меѓуопштинската и прекугранична соработка на општините во функција на поттикнување рамномерен регионален развој.

**Начела**

**Член 4**

Начела на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој се:
- програмирање - изградба на повеќегодишен систем на програмирање и спроведување на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој што вклучува идентификација на приоритетите и мерките на политиката, нивното финансирање, управување и контрола,
- партнерство - соработка при подготовката, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на планските документи за регионален развој меѓу органите на централната власт и општините, економските и социјалните партнери и други релевантни претставници на граѓанското општество,
- усогласување - целите, приоритетите и мерките во планските документи за регионален развој се усогласуваат со целите, приоритетите и мерките во стратешките развојни документи на национално ниво и во програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија,
- кофинансирање - кофинансирање на мерките на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори, како и средства од домашни и странски правни и физички лица,
- транспарентност - редовно, навремено и објективно информирање на јавноста за мерките на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој како и овозможување слободен пристап до информации на заинтересираните страни,
- партиципативност - активно вклучување на граѓаните во процесот на креирање и имплементирање на регионалната политика,
- субсидијарност - подготовката, реализацијата, контролата и оценувањето на програмите и мерките за поттикнување рамномерен регионален развој ги вршат планските региони и општините, освен ако не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на државните органи и
- одржливост - почитување на економските, социјалните и еколошките компоненти на развојот при креирање на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој.

## III. ПЛАНИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ

**Плански региони**

**Член 5**

(1) За потребите на планирањето на регионалниот развој и реализацијата на мерките и инструментите за поттикнување рамномерен регионален развој се воспоставуваат плански региони.

(2) Планските региони од ставот (1) на овој член се територијалните единици за статистика на трето ниво НТЕС - 3, утврдени согласно со Номенклатурата на територијалните единици за статистика.

(3) Во Република Северна Македонија има осум плански региони.

## Одржлив урбан развој и урбани подрачја

## Член 6

(1) За потребите на планирањето на регионалниот развој, а особено на неговата урбана димензија, се определуваат урбани подрачја.

(2) Урбани подрачја се општините со седиште во град, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(3) Во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој, се обезбедува поддршка за одржливиот урбан развој преку мерки и активности за справување со економските, климатските, демографските, социјалните и предизвиците од животната средина кои ги погодуваат урбаните подрачја, истовремено имајќи ја предвид потребата за подобрување на урбано-руралните односи.

## Подрачја со специфични развојни потреби

## Член 7

(1) За потребите на планирањето на регионалниот развој и реализација на специфични мерки и инструменти за поттикнување рамномерен регионален развој се определуваат подрачја со специфични развојни потреби.

(2) Подрачјата со специфични развојни потреби, во смисла на ставот (1) на овој член се:
- погранични, рурални, ридско-планински и други подрачја за кои, поради нивните специфични карактеристики, постои потреба од посебен плански пристап и поттикнување на развојот од страна на државата и
- подрачја што се од особен интерес за развој на економските, туристичките, културните и други стратешки цели на државата.

(3) Подрачје со специфични развојни потреби може да се простира на подрачјето на една или повеќе општини, општините и општините во градот Скопје во рамките на еден или повеќе плански региони.

(4) Владата донесува листа на подрачја со специфични развојни потреби на предлог на Советот за рамномерен регионален развој (во натамошниот текст: Советот).

(5) Листата на подрачјата со специфични развојни потреби се ревидира секоја петта година, а по потреба и во пократок временски период.

**Член 8**

(1) Основни критериуми за определување на подрачјата со специфични развојни потреби се географските, социо економските, историските и културните карактеристики на подрачјето на општините и општините во градот Скопје и други стратешки интереси на државата.

(2) Индикаторите за определување на подрачја со специфични развојни потреби на предлог на Советот со акт ги утврдува Владата.

**Плански документи**

**Член 9**

(1) Планирањето на регионалниот развој се врши со плански документи.

(2) Планските документи се усогласуваат со Просторниот план на Република Северна Македонија, стратешките развојни документи на национално ниво и програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Член 10**

(1) Плански документи за регионален развој се:
- Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија и
- Програма за развој на планскиот регион.

(2) За спроведување на планскиот документ од ставот (1) алинеја 1 на овој член Владата донесува програма за спроведување на Стратегијата на Предлог на Министерството за локална самоуправа.

(3) За спроведување на планскиот документ од ставот (1) алинеја 2 на овој член Советот за развој на планскиот регион донесува акционен план.

(4) Планските документи од ставот (1) на овој член се изготвуваат врз основа на Методологија за изработка на планските документи, пропишана од министерот за локална самоуправа (во натамошниот текст: министерот).

(5) Во подготовката на планските документи за регионален развој задолжително се консултираат засегнатите страни на национално и локално ниво.

## Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија

### Член 11

(1) Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Стратегијата) се донесува за период од десет години.

(2) Стратегијата ја изготвува Министерството за локална самоуправа (во натамошниот текст: Министерството), а на предлог на Владата ја донесува Собранието на Република Северна Македонија.

(3) Стратегијата за наредниот плански период се донесува најдоцна шест месеци пред истекот на тековниот плански период.

(4) За спроведување на Стратегијата се донесуваат три програми, од кои првите две програми се донесуваат за период од три години, а третата за период од четири години.

(5) Програмите од ставот (4) на овој член ги донесува Владата.

(6) Програмите од ставот (4) на овој член за наредниот плански период се донесуваат најдоцна три месеци пред истекот на тековниот плански период.

### Член 12

(1) Во Стратегијата се определуваат:
- концептот, приоритетите и стратешките цели на развојот на планските региони, при што задолжително се земаат предвид начелата на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој,
- мерките и инструментите за поттикнување на развојот на планските региони, урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и селата (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**) и
- финансирањето, институциите и механизмите за имплементација, мониторинг и евалуација на мерките од Стратегијата.

(2) Стратегијата претставува основа за изготвување на програмите за развој на планските региони.

## Програма за развој на плански регион

### Член 13

(1) Програмата за развој на планскиот регион се донесува за период од пет години.

(2) Програмата за развој на планскиот регион се изработува одделно за секој плански регион, во согласност со Стратегијата и програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(3) Програмата за развој на планскиот регион ја изработува Центарот за развој на планскиот регион, согласно со Методологијата за изработка на планските документи.

(4) Програмата за развој на планскиот регион ја донесува Советот за развој на планскиот регион по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој.

(5) Програмата за развој на планскиот регион за наредниот плански период се донесува најдоцна три месеци пред истекот на тековниот плански период.

**Член 14**

(1) За спроведување на Програмата за развој на планскиот регион се донесуваат годишни акциони планови од Советот за развој на планскиот регион.

(2) Годишните акциони планови за наредната година се донесуваат до крајот на третото тримесечје во тековната година.

**Член 15**

(1) Во Програмата за развој на планскиот регион се определуваат:
- цели за развој на планскиот регион,
- мерки и инструменти за поттикнување развој на планскиот регион,
- мерки и инструменти за поттикнување развој на урбаните подрачја, на подрачјата со специфични развојни потреби доколку се определени во регионот и на селата (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**) и
- финансиски извори, временска динамика и индикатори за мониторинг и евалуација за спроведување на мерките за поттикнување на развојот.

(2) Во Програмата се дефинираат приоритетите за развој на регионот, приоритетите за развој на урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби доколку такви се определени во регионот и селата. (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

(3) Програмата за развој на планскиот регион е основа за подготовка на плановите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во сферата на нивниот економски, социјален, урбанистички, еколошки, културен и друг развој.

## IV. НОСИТЕЛИ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

### Член 16

(1) Носители на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој се:
- Владата,
- Советот за рамномерен регионален развој,
- Министерството за локална самоуправа и
- Советот за развој на планскиот регион.

(2) Во планирањето на рамномерниот регионален развој и спроведувањето на планските документи за рамномерен регионален развој учествуваат и Бирото за регионален развој и Центрите за развој на планските региони.

### Совет за рамномерен регионален развој

### Член 17

(1) Владата формира Совет за рамномерен регионален развој.

(2) Членови на Советот за рамномерен регионален развој се:
- заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции,
- прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања,
- министрите кои раководат со министерствата за локална самоуправа, финансии, економија, транспорт и врски, образование и наука, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање и земјоделство, шумарство и водостопанство,
- претседателите на советите за развој на планските региони и
- претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

(3) Во работата на Советот за рамномерен регионален развој можат да учествуваат директорите на Центрите за развој на планските региони и директорот на Бирото за регионален развој.

(4) Во работата на Советот за рамномерен регионален развој можат да учествуваат и научни и стручни лица од областа на регионалниот развој.

(5) Со Советот за рамномерен регионален развој раководи заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции.

(6) Во случај на спреченост или отсутност на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и инвестиции, Советот го раководи министерот за локална самоуправа.

(7) Начинот на работа на Советот за рамномерен регионален развој се уредува со Деловник.

(8) Стручна и административно-техничка поддршка за работата на Советот за рамномерен регионален развој обезбедува Министерството.

**Член 18**

(1) Советот за рамномерен регионален развој:
- ја усогласува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Северна Македонија,
- дава мислење по Предлог-стратегијата за регионален развој,
- дава претходна согласност за програмите за развој на планските региони,
- го утврдува Предлогот на индикаторите од членовите 8 став (2) и 33 став (2) од овој закон,
- ја утврдува Предлог - листата на подрачја со специфични развојни потреби,
- утврдува Предлог - одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност,
- утврдува предлог за финансирање на конкретни проекти од средства од Буџетот на Република Северна Македонија, наменети за развој на планските региони, урбаните подрачја и одржлив урбан развој, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата,
- дава мислење по годишниот извештај за спроведувањето на конкретните проекти наменети за развој на планските региони, урбаните подрачја, на подрачјата со специфични развојни потреби и на селата од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)
- дава мислење по Годишниот извештај за спроведување на планските документи за регионален развој изготвен од Министерството,
- го разгледува и дава мислење на годишниот извештај за спроведени мерки и активности на политиката за рамномерен регионален развој, согласно со податоците добиени преку електронскиот систем за подобрување на координацијата во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политика за поттикнување на рамномерен регионален развој, а кој го доставува Министерството,
- иницира разгледување на прашања од областа на регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу Владата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и другите засегнати страни,
- врши координација и дава мислење по Предлог-програмите на ресорните министерства и одобрените буџетски средства за финансирање од Буџетот на

Република Северна Македонија коишто се од значење за рамномерниот регионален развој и
- разгледува и други прашања од областа на регионалниот развој, согласно со закон.

(2) Мислењата од ставот (1) алинеја 11 на овој член, Министерството ги доставува на разгледување до ресорните министерства и до Владата, во рок од 15 дена од денот на одржување на седницата на Советот на која е дадено мислењето.

## Министерство за локална самоуправа

### Член 19

(1) Министерството е надлежно за водење на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој.

(2) Министерството, во соработка со другите министерства кои преземаат мерки за поттикнување на развојот, ја дефинира и спроведува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој, согласно со целите на економската политика на Владата и со програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(3) Министерството ги врши следниве работи:
- изготвува Предлог-стратегија од членот 11 став (1) од овој закон,
- обезбедува усогласеност на Стратегијата со програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија,
- подготвува и доставува на Владата Годишен извештај за спроведување на планските документи за регионален развој,
- изготвува Предлог-програма за спроведување на Стратегијата од членот 11 став (4) од овој закон, се грижи за нејзина имплементација и презема активности за следење на нејзината реализација,
- изготвува аналитичко-документациона основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за регионален развој,
- обезбедува стручна и административно-техничка поддршка за работата на Советот за рамномерен регионален развој,
- објавува јавни повици за финансирање на Предлог-проекти од програмата од членот 57 став (1) овој закон за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, врши прием, евиденција и обработка на поднесените Предлог-проекти, склучува договори за реализација на избраните проекти и го следи користењето на доделените средства,

- изготвува Предлог-одлука за индикаторите за пресметување на развојниот индекс на планските региони,
- изготвува Предлог-одлука за индикаторите за определување на подрачја со специфични развојни потреби,
- изготвува Предлог-одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност,
- изготвува Предлог-листа на подрачјата со специфични развојни потреби,
- дава стручна помош на Центрите за развој на планските региони во подготовка на програмите за развој на планските региони,
- ги поддржува активностите на Центрите за развој на планските региони за поттикнување на конкурентност на планскиот регион,
- ја оценува усогласеноста на програмите за развој на планските региони со Стратегијата и доставува мислење до Советот,
- врши проценка за значењето што за рамномерниот регионален развој го имаат владините и буџетските програми кои ресорните министерства и другите органи на државната управа ги доставуваат до Министерството и истата ја доставува до Советот,
- изготвува Предлог-одлуки за финансирање на конкретни проекти од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, наменети за развој на планските региони, урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата и го доставува до Владата,
- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој,
- воспоставува систем за координација во планирањето, спроведувањето, мониторинг и евалуација на политиката за рамномерен регионален развој и се грижи за навремено пополнување на системот со податоци од сите институции вклучени во рамномерниот регионален развој,
- врши задачи поврзани за одржувањето, управувањето и користењето на електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој и
- врши други работи за поттикнување на рамномерниот регионален развој, утврдени со закон.

**Член 20**

(1) Министерството води евиденција на развојните потенцијали на планските региони, од значење за регионален развој.

(2) Начинот на водење, формата и содржината на евиденцијата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

## Совет за развој на планскиот регион

## Член 21

(1) Совет за развој на планскиот регион се формира за секој плански регион.

(2) Членови на Советот за развој на планскиот регион со право на глас се градоначалниците на општините што влегуваат во состав на планскиот регион и по еден претставник од здруженијата и од бизнис заедницата, без право на глас.

(3) Конститутивната седница на Советот за развој на планскиот регион ја свикува градоначалникот на општината со најголем број жители во планскиот регион, во рок од 30 дена од денот на верификација на мандатите на градоначалниците.

(4) Во случај кога градоначалникот од ставот (3) на овој член, не ја свика конститутивната седница во определениот законски рок, Советот се конституира со мнозинство гласови од вкупниот број членови, кои може да бидат свикани од градоначалник на општина во состав на планскиот регион.

(5) Членови на Советот за развој на планскиот регион во чиј состав е градот Скопје се членовите од ставот (2) на овој член и градоначалникот на градот Скопје.

(6) Во случај на отсуство на градоначалникот на седниците на Советот за развој на планскиот регион, го заменува од него овластено лице од редот на членовите на Советот на општината.

(7) Членот-претставник од здруженијата во Советот за развој на планскиот регион се избира по пат на јавен повик, со мандат од четири години.

(8) Јавниот повик за избор на членот-претставник од здруженијата од ставот (7) на овој член, го распишува Советот за развој на планскиот регион, во рок од 30 дена од денот на конституирањето на Советот за развој на планскиот регион, а истиот се објавува во два печатени медиуми, од кои еден на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и во два локални или регионални медиуми, како и на веб-страницата на Центарот за развој на планскиот регион.

(9) Основни критериуми за избор на член-претставник од здруженијата во Советот за развој на планскиот регион од ставот (7) на овој член се:
- правните лица, апликанти да бидат регистрирани најмалку две години, со седиште и делување на подрачјето на општина во состав на планскиот регион,
- правните лица, апликанти согласно со Статутот на организацијата да делуваат во областа на локалниот и на регионалниот развој и
- правните лица, апликанти да имаат имплементирано најмалку два проекти од областа на локалниот и регионалниот развој.

(10) Јавниот повик го спроведува комисија, формирана од претседателот на Советот за развој на планскиот регион, која ја сочинуваат три членови, преставници од организационата единица надлежна за локален економски развој од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје коишто се во состав на планскиот регион.

(11) Врз основа на јавниот повик, комисијата ги разгледува доставените пријави и составува листа на здруженија кои ги исполнуваат критериумите од огласот.

(12) Деталните услови за аплицирање и избор на член-преставник од здруженијата од ставот (7) на овој член, се наведуваат во јавниот повик.

(13) Пријавените кандидати кои ги исполнуваат критериумите од јавниот повик, со мнозинство гласови одлучуваат кој од нив ќе ги преставува во Советот за развој на планскиот регион, на состанок организиран од претседателот на комисијата во рок од 15 дена од денот на завршување на јавниот повик.

(14) Претседателот на комисијата упатува официјална покана до здруженијата кои се пријавиле на јавниот повик од ставот (8) на овој член.

(15) Поканата од ставот (14) на овој член се објавува на веб-страницата на Центарот најмалку три дена пред датумот на одржување на состанокот.

(16) На членот преставник од здруженијата му престанува мандатот од ставот (7) од овој закон:
- со истекот на мандатот и
- во случај на смрт.

(17) Членот-преставник од здруженијата може да биде разрешен и пред завршувањето на мандатот од ставот (7) на овој член, ако:
- тоа сам го побара,
- со разрешување од Советот за развој на планскиот регион на предлог на претседателот на Советот за развој на планскиот регион со двотретинско мнозинство,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривична дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,
- не учествува во работата на Советот, три седници последователно или
- ако тоа го побараат здруженијата коишто го избрале со мнозинство на гласови.

(18) Доколку во рок од 30 дена од денот на конституирање на Советот за развој на планскиот регион не се распише јавен повик за избор на член, претставник од здруженијата, јавниот повик го распишува министерот.

(19) Претставник од бизнис заедницата во Советот за развој на планскиот регион се избира од редот на репрезентативни здруженија на работодавачи од планскиот регион.

(20) Претседателот на Советот за развој на планскиот регион во рок од 30 дена од денот на конституирањето на Советот за развој на планскиот регион доставува писмено барање до репрезентативните здруженија на работодавачи за номинирање на претставник од бизнис заедницата.

(21) Доколку во планскиот регион има само едно репрезентативно здружение на работодавачи, тоа го предлага членот во Советот за развој на планскиот регион во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото барање од страна на претседателот на Советот за развој на планскиот регион.

(22) Доколку во планскиот регион има повеќе од едно репрезентативно здружение на работодавачи, изборот на членот во Советот за развој на планскиот регион се прави од здружението кое има најголем број на членки во тој регион.

(23) Претседателот на Советот за развој на планскиот регион се избира од редот на градоначалниците кои се членови на Советот, со мандат од една година без право на повторен избор во тековниот мандат.

(24) Во работата на Советот за развој на планскиот регион можат да учествуваат и стручни лица од областа на регионалниот развој, претседателите на советите на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје како и претставници од националните институции и донаторските организации.

**Член 22**

(1) Советот за развој на планскиот регион ги врши следниве работи:
- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој,
- донесува Програма за развој на планскиот регион, по претходна согласност од Советот,
- донесува Годишен акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион,
- утврдува листа на проекти за развој на планскиот регион,
- доставува предлози до Министерството за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамките на планскиот регион, согласно со критериумите од членот 8 од овој закон,
- обезбедува координација на активностите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, здруженијата, државните органи и институции во рамките на регионот кои дејствуваат во областа на регионалниот развој,
- иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу општините, општините во градот Скопје и градот

Скопје и партнерите од приватниот и граѓанскиот сектор,
- ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси и
- врши други работи од областа на регионалниот развој утврдени со закон.

(2) Советот за развој на планскиот регион усвојува и доставува до Министерството Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

**Член 23**

(1) Начинот на работа на Советот за развој на планскиот регион се уредува со Деловник.

(2) Советот за развој на планскиот регион одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(3) Советот за развој на планскиот регион по правило одржува седници во седиштето на најголемата по број на жители општина во планскиот регион или во општината од каде што е избран претседателот на Советот за развој на планскиот регион.

(4) Претседателот на советот, по потреба може да свика и да раководи со седница на Советот и со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).

(5) Стручните и административно-техничките работи за Советот за развој на планскиот регион ги врши Центарот за развој на планскиот регион.

**Биро за регионален развој**

**Член 24**

(1) Бирото за регионален развој (во натамошниот текст: Бирото) е орган на државната управа во состав на Министерството со својство на правно лице, кое е надлежно за имплементирање на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој.

(2) Директорот на Бирото го именува и разрешува Владата за период од четири години.

(3) За директор на Бирото може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена

казна или прекршочнсанкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од областа на правните, економските или техничките науки,
- да има работно искуство од најмалку пет години од кои најмалку две години на раководна позиција,
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од две години:
а) ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
б) ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
в) ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
г) ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
д) БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
ѓ) АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
- активно познавање на програми за компјутерско работење.

(4) Мандатот на директорот му престанува:
- со истекот на неговиот мандат,
- со остварување на правото за пензија согласно со закон или
- во случај на смрт.

(5) Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот од ставот (2) на овој член доколку:
- тоа сам го побара,
- биде разрешен од страна на Владата,
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или
- врши работи кои се неспоиви со функцијата директор на Бирото.

**Член 25**

Бирото ги врши следниве работи:
- спроведува активности со кои придонесува за остварување на целите на политиката утврдени во планските документи за рамномерен регионален развој,
- доставува известување до Центрите за развој на планските региони за прибирање на Предлог-проекти за средствата од членот 37 став (2) алинеја 1 од овој закон,
- објавува јавни повици за прибирање на Предлог-проекти за средствата од членот 37 став (2) алинеи 2, 3 и 4 од овој закон,
- дава стручна поддршка на Центрите за развој на планските региони, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје при аплицирање на Предлог-проекти за средствата од членот 37 став (2) од овој закон,
- врши прием, евиденција и обработка на поднесените Предлог-проекти за поттикнување на рамномерен регионален развој,

- ги подготвува и доставува листите на аплицирани Предлог-проекти за развој на планските региони, развој на урбаните подрачја, развој на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби до претседателот на Комисијата за оцена на Предлог-проекти,
- ја спроведува Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони, развој на урбаните подрачја, развој на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби од членот 53 од овој закон, (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)
- склучува договори за реализација на проектите од членот 53 од овој закон,
- дава стручна поддршка на Центрите за развој на планските региони и единиците на локалната самоуправа при реализација на проектите од членот 53 од овој закон и во вршење на активности поврзани со рамномерниот регионален развој,
- го следи користењето на доделените средства за проекти за поттикнување на рамномерен регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој,
- изготвува годишен извештај за реализацијата на проектите од членот 53 од овој закон и го доставува до Министерството до крајот на првото тромесечје во наредната година за претходната година,
- воспоставува и се грижи за одржување на мониторинг систем за спроведување на проектите од членот 53 од овој закон,
- учествува во подготовка на аналитичко-документациона основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за рамномерен регионален развој,
- организира, спроведува и координира теренски посети за следење на начинот на реализацијата на проектите во согласност со членот 56 од овој закон,
- може да спроведува активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност и
- врши други работи од областа на рамномерен регионален развој утврдени со закон.

**Центар за развој на планскиот регион**

**Член 26**

(1) За вршење на стручни работи од значење за развојот на планскиот регион се основа Центар за развој на планскиот регион.

(2) Центар за развој на планскиот регион се основа за секој плански регион.

(3) Центарот за развој на планскиот регион го основаат општините што влегуваат во состав на планскиот регион.

(4) Во планскиот регион во кој влегува градот Скопје, Центарот за развој го основаат општините во состав на планскиот регион и градот Скопје.

(5) Со актот за основање на Центарот за развој на плански регион се уредува неговата организација, работата и финансирањето. Актот за основање на Центарот за развој на планскиот регион се доставува до Советот за развој на планскиот регион и до Министерството.

(6) Центарот за развој на планскиот регион има својство на правно лице.

(7) Седиштето на Центарот за развој на планскиот регион е во општината со најголем број жители во планскиот регион.

(8) Центарот за развој на планскиот регион има директор, кој се избира по пат на јавен оглас.

(9) Директорот на Центарот за развој на планскиот регион го избира Советот за развој на планскиот регион,со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот броој на членови.

(10) Мандатот на директорот на Центарот за развој на планскиот регион е четири години, со право на повторен избор.

(11) Јавниот оглас за избор на директор на Центарот за развој на планскиот регион го распишува Советот за развој на планскиот регион во рок од 60 дена од денот пред истекување на мандатот на директорот на Центарот.

(12) Советот за развој на планскиот регион определува вршител на должност директор на Центарот се до изборот на нов директор, од редот на вработените службеници во Центарот.

(13) Јавниот оглас од ставот (8) на овој член се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

**Член 27**

(1) За директор на Центарот може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1

степен образование од областа на правните, економските или техничките науки,
- да има работно искуство од најмалку пет години од кои најмалку две години со управување со развојни проекти во областа на локалниот и регионалниот развој,
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од две години:
а) ТОЕФЕЛ (TOEFL) со најмалку 74 бода,
б) ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода,
в) ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 ниво,
г) ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
д) БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или
ѓ) АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
- активно познавање на програми за компјутерско работење.

(2) Мандатот на директорот му престанува:
- со истекот на неговиот мандат,
- со остварување на правото за пензија согласно со закон или
- во случај на смрт.

(3) Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот од ставот (2) на овој член доколку:
- тоа сам го побара,
- биде разрешен од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што се докажува со соодветна медицинска потврда,
- ако со правосилна судска одлука му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или
- врши работи кои се неспојливи со позицијата - директор на Центар.

(4) Советот за развој на планскиот регион може да го разреши директорот пред истекот на мандатот со одлука која се донесува со двотретинско мнозинство од членовите со право на глас доколку:
- не ја остварува програмата за развој на планскиот регион и акциониот план за нејзино спроведување,
- по негова вина е нанесена штета на Центарот за развој на планскиот регион,
- не работи во согласност со закон или
- во други случаи предвидени со овој закон.

(5) Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

(6) Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.

(7) Советот за развој на планскиот регион, веднаш по именувањето вршител на должноста директор, распишува јавен оглас за избор на директор.

**Член 28**

Директорот на Центарот:
- го претставува и застапува Центарот,
- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,
- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот,
- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Планскиот регион,
- раководи со стручната служба на Центарот,
- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион од членот 13 од овој закон,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството од членот 11 став (4) од овој закон, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на планскиот регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон.

**Член 29**

(1) Центарот има стручна служба, која се организира во сектори и одделенија.

(2) Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на планскиот регион на предлог на директорот на Центарот.

(3) Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

(4) Платата на директорите на центрите ја утврдува министерот по претходна согласност од Владата, а во зависност од бројот на вработени службеници во Центарот и од обемот и сложеноста на работата и времето потребно за извршување на истата.

(5) Висината на платата на директорите на центрите се утврдува во коефициент од 2,9 до 3,4 при што вредноста на коефициентот ја утврдува министерот по претходна согласност од Владата. Основицата за пресметување на вредноста на коефициентот е во износ на минималната нето-плата, која министерот за труд и социјална политика ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

(6) Бројот на вработени службеници во Центрите и нивните плати ги определува Советот за развој на планскиот регион.

**Член 30**

(1) Центарот за развој на планскиот регион спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на планскиот регион и тоа:
- изготвува Предлог-програма за развој на планскиот регион,
- изготвува Предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион,
- изготвува проекти за развој на планскиот регион,
- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион,
- ги реализира проектите за развој на планскиот регион,
- изготвува Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион,
- обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој,
- обезбедува стручна и техничка помош на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во подготовката на нивните програми за развој,
- обезбедува стручни услуги на здруженија и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој,
- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион,
- изготвува, поднесува апликации и спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори,
- врши промоција на развојните можности на планскиот регион,
- реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор,
- врши стручни и административно-технички работи за потребите на Советот за развој на планскиот регион,
- изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и

други државни институции и
- врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

**Член 31**

(1) Активностите и задачите на Центарот за развој на планскиот регион за тековната година, кои произлегуваат од развојните приоритети на планскиот регион ги одобрува Советот за развој на планскиот регион по предлог на Министерството.

(2) Активностите и задачите на Центарот за развој на планскиот регион за тековната година се утврдуваат со договор за соработка за тековната година, склучен меѓу Министерството и Центрите за развој на планските региони.

(3) Договорот од ставот (2) на овој член содржи конкретни активности поврзани со развојните приоритети на планскиот регион во тековната година, износ и начин на исплата на средствата за реализација на утврдените активности и задачи, начин и рокови за реализација на утврдените активности и задачи и начин на постапување во случај на делумно или целосно неисполнување на договорените обврски.

(4) Средствата за реализација на активностите и задачите утврдени во договорот од ставот (2) на овој член, на годишно ниво се обезбедуваат од Министерството, во износ кој е еднаков или повисок од износот исплатен во годината пред стапувањето во сила на овој закон.

(5) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои се крајни корисници на проектите од членот 37 став (2) алинеја 1 од овој закон, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

(6) Основни критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центрите од ставот (5) на овој член се:
- видот и сложеноста на проектот и
- висината на проектната вредност на проектот.

(7) Поблиски критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот.

(8) Средствата од ставот (5) на овој член општините, општините во градот Скопје и градот Скопје ги префрлаат на сметка на Центарот за развој на планскиот регион, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот од членот 55 став (1) од овој закон.

(9) Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот (5) на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што центрите ќе ги наплатат договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

(10) Центарот може да користи дополнителни средства за финансирање на своите задачи и активности од општините во состав на планскиот регион, а во планскиот регион во чиј состав припаѓа градот Скопје - од општините во градот Скопје и од градот Скопје, врз основа на донесени одлуки од Советот за развој на планскиот регион или од советот на општина, советот на општина во градот Скопје и Советот на градот Скопје.

(11) Активностите од членот 30 став (1) алинеја 16 од овој закон, Центарот за развој на планскиот регион ги реализира врз основа на договор за соработка склучен со нарачателот, а врз основа на претходно обезбедено позитивно мислење од Министерството и согласност од Советот за развој на планскиот регион.

**Член 32**

(1) Центарот за развој на планскиот регион го поднесува Годишниот извештај од членот 30 став 1 алинеја 7 од овој закон до Советот за развој на планскиот регион и до советите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Составен дел од Годишниот извештај од ставот (1) на овој член е и Извештајот за финансиското работење на Центарот.

(3) Центарот за развој на планскиот регион, го доставува Годишниот извештај од ставот (1) на овој член, по усвојувањето од страна на Советот за развој на планскиот регион и од советите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и до Министерството до крајот на првото тромесечје во наредната година, за претходната година.

## V. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА РАЗВИЕНОСТ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ

**Член 33**

(1) Пресметувањето на степенот на развиеност на планските региони се спроведува врз основа на развојниот индекс.

(2) Индикаторите и пресметувањето на вредноста на развојниот индекс на предлог на Советот за рамномерен регионален развој со одлука ги утврдува Владата.

(3) Постапката за определување на степенот на развиеност на планските региони ја спроведува Министерството.

(4) Надлежните државни органи се должни на барање на Министерството да ги доставаат потребните податоци за определување на степенот на развиеност на планските региони.

(5) Степенот на развиеност на планските региони се определува за период од пет години, а по потреба може да се определи и за пократок период.

**Одлука за класификација според степенот на развиеност**

**Член 34**

(1) Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност ја донесува Владата.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член се донесува по спроведеното пресметување од членот 33 од овој закон.

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ

**Извори за финансирање на регионалниот развој**

**Член 35**

(1) Извори за финансирање на регионалниот развој се:
- Буџетот на Република Северна Македонија,
- буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје,
- фондовите на Европската Унија,
- други меѓународни извори,
- донации и спонзорства од физички и правни лица и
- други средства утврдени со закон.

(2) За поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП.

(3) За поттикнување на развојот на планскиот регион, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да користат и средства од фондовите на Европската Унија.

(4) Користењето на средствата од ставот (3) на овој член се спроведува врз основа на одредбите на Рамковната спогодба помеѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската Комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА), ратификувана согласно со Уставот на Република Северна Македонија.

(5) Средствата од ставот (1) на овој член можат да се поврзуваат со средства од донации и спонзорства од физички и правни лица во функција на спроведување програма или проект за поттикнување на рамномерен регионален развој, со исклучок на средствата од ставот (1) алинеја 3 на овој член.

(6) Средствата од ставот (1) алинеја 5 на овој член се распределуваат и доделуваат согласно со условите од договорот за донација, односно спонзорство.

### Инструменти за поттикнување рамномерен регионален развој

### Член 36

(1) Инструменти за поттикнување на рамномерниот регионален развој во Република Северна Македонија се:
- капитални влогови,
- неповратни грантови,
- субвенции,
- заеми по поволни услови,
- давање на гаранции за заеми,
- осигурување на кредити,
- даночни олеснувања,
- лизинг и
- други инструменти согласно со закон.

(2) За поттикнување на рамномерниот регионален развој се врши финансирање и кофинансирање на подготовка на анализи, студии, плански документи, акциони планови и проектни документации кои исполнуваат услови за финансирање, како и финансирање на градењето на институционалните капацитети за регионален развој во Република Северна Македонија.

## VII. РАСПРЕДЕЛБА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПРОГРАМАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ/ПОТПРОГРАМА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

### Распределба на средствата од Програмата за рамномерен регионален развој

### Член 37

(1) Средствата од членот 35 став (1) алинеа 1 од овој закон за поттикнување рамномерен регионален развој се распределуваат со одлука која ја донесува Владата.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член се распределуваат:
- 55% за финансирање на проекти за развој на планските региони,
- 15% за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и оддржлив и урбан развој, (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

- 15% за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и
- 15% за финансирање на проекти за развој на селата.

**Член 38**

Средствата од членот 37 став (2) алинеја 1 од овој закон се доделуваат на Центрите за развој на планските региони согласно со Класификацијата на планските региони според степенот на развиеност.

**Член 39**

(1) Корисници на средствата од членот 37 став (2) алинеја 2 од овој закон се општините со седиште во град, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член се распределуваат по плански региони согласно со класификацијата на планските региони според степенот на развиеност.

(3) Средствата добиени од инструментите за претпристапна помош ИПА од фондовите на Европската Унија за одржлив урбан развој, се делат согласно со одредбите на Рамковната спогодба помеѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската Комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА), ратификувана во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

**Член 40**

Корисници на средствата од членот 37 став (2) алинеја 3 од овој закон се општините и општините во градот Скопје во кои се определени подрачја со специфични развојни потреби како и Центрите за развој на планските региони, јавните претпријатија и јавните установи основани од државата, од општините во

градот Скопје и од градот Скопје, високообразовните и научни институции и здруженијата.

**Член 41**

(1) Корисници на средствата од членот 37 став (2) алинеја 4 од овој закон се општините и општините во градот Скопје.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член се распределуваат по плански региони, согласно со класификацијата на планските региони според степенот на развиеност.

**Член 42**

Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони, проектите за развој на урбаните подрачја, проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проектите за развој на селата од членот 54 од овој закон ја спроведува Бирото. (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

**Постапка за прибирање и оценување на проекти**

**Член 43**

(1)Бирото за регионален развој најдоцна 7 (седум) дена од денот на влегување во сила на Програмата за рамномерен регионален развој упатува известување до Центрите за развој на планските региони, со кои ги информира за расположивите средства за финансирање на проекти за развој на планските региони.“,

(2) Центарот за развој на планскиот регион е должен да организира регионални консултации - форуми за утврдување на Предлог-листа на регионални проекти, од членот 37 став (2) алинеја 1 на овој закон, согласно со правилникот за начинот на организирање и спроведување на форуми кој го донесува министерот.

(3) Предлог-листата од ставот (2) на овој член Центарот за развој на планскиот регион ја доставува до Советот за развој на планскиот регион.

(4) За користење на средства за финансирање на проекти за развој на планскиот регион, Советот за развој на планскиот регион ја утврдува листата на проекти за развој на планскиот регион. Предложената листа треба да биде во согласност со приоритетите во Програмата за развој на планскиот регион.

(5) Проектите за развој на планскиот регион за кои се бара финансирање, ги изготвува Центарот за развој на планскиот регион.

(6) При изготвување на проектот за развој на планскиот регион се планираат и средства за менаџирање на проектот.

(7) За менаџирање на проектите за развој на планските региони кои се одобрени за финансирање Центарот за развој на планскиот регион може да користи средства во висина до 15% од проектната (пресметковната) вредност на одобрен проект за финансирање.

(8) Основни критериуми за висината на средствата за менаџирање на проектот од ставот (6) на овој член се:
а) видот и сложеност на проектот и
б) висината на проектната вредност на проектот.

(9) Поблиските критериуми за висината на средствата за менаџирање на проектот од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот.

**Член 44**

(1)Центарот за развој на планскиот регион, листата на утврдените проекти за кои се бара финансирање за развој на планскиот регион, ја доставува до Бирото, најдоцна 30 дена од денот на доставување на известувањето од членот 43 став (1) од овој закон“.

(2) Планските региони кои нема да достават проекти за финансирање во рокот утврден во ставот (1) на овој член го губат правото за користење на средствата распределени за финансирање на проекти за развој на планскиот регион.

(3) Планските региони кои ќе достават проекти за чија реализација износот на побараните средства е помал од вкупниот износ на средствата распределени за планскиот регион за тековната година, го губат правото на користење на средствата за кои не доставиле проект за финансирање.

(4) Планските региони за доставените проекти, кои заради неисполнување на пропишаните услови нема да бидат оценувани од Комисијата за оцена на предлог проектите, го губат правото на користење на тие средства.

(5) Во планските региони во кои остануваат неискористени средствата по основ на ставовите (2), (3) и (4) на овој член истите се распределуваат за корисниците - општините во состав на истиот плански регион, а во планскиот регион во кој припаѓа и градот Скопје, на општините, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, за проекти за развој на урбани подрачја, подрачја со специфични развојни потреби и на селата, од листата на позитивно оценетите проекти од членот 52 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(6) За распределба на средства од ставот (5) на овој член на предлог на Министерството по претходно позитивно мислење од Бирото, Владата донесува одлука.

(7) Неискористените средства во постапката за доделување на договор за јавна набавка за реализација на проектите, ќе бидат искористени за реализација на проект кој поради недостаток на финансиски средства добил помала сума од побараната за целосна реализација на проектот.

(8) Доколку нема проект согласно со ставот (7) на овој член, средствата се прераспределуваат на следните проекти од листата на проекти од членот 52 став (1) алинеја 1 од овој закон, за развој на планскиот регион, кои се позитивно оценети.

(9) Во планските региони, кои имаат неискористени средства по основ постапка за доделување на договор за јавна набавка за реализација на проектите, а немаат проект согласно со ставовите (7) и (8) на овој член, распределба на неискористените средства врши Владата на предлог на Министерството и доколку има претходно позитивно мислење од Бирото, за проекти за развој на урбани подрачја, подрачја со специфични развојни потреби и на селата, од листата на позитивно оценетите проекти од член 52 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон, а корисниците - општините во состав на истиот плански регион, а во планскиот регион во кој припаѓа и градот Скопје, средствата се распределуваат на општините во состав на планскиот регион, општините во градот Скопје и на градот Скопје. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

**Член 45**

Доколку Бирото во текот на годината раскине договор за реализација на проект со корисникот, Владата со одлука ги доделува преостанатите средства на проекти за развој на планските региони, урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата, од листата на позитивно оценетите проекти од член 52 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон, на корисниците - Центрите за развој на планските региони или општините од истиот плански регион, а во планскиот регион во кој припаѓа и градот Скопје, на општините во планскиот регион, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, на предлог на Министерството и доколку има претходно позитивно мислење од Бирото. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

**Член 46**

(1) Доколку во текот на годината се обезбедат дополнителни средства за рамномерен регионален развој Владата донесува одлука за финансирање на проекти за развој на планските региони, урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата, од листата на позитивно оценетите

проекти од членот 52 став (1) алинеи 1, 2, 3 и 4 од овој закон, на предлог од Министерството по претходно позитивно мислење од Бирото. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(2) Изборот на проектите од ставот (1) на овој член се спроведува врз основа на критериумот за квалитет на проектот, во зависност од висината на дополнително обезбедените средства.

**Член 47**

(1) За доделување на средствата од членот 37 став (2) алинеја 3 од овој закон, Бирото објавува јавен повик за прибирање на проекти.

(2) Во јавниот повик од ставот (1) на овој член се наведува вкупниот износ на средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби.

(3) Право да поднесуваат Предлог-проекти имаат општините и општините во градот Скопје во кои се определени подрачја со специфични развојни потреби, како и Центрите за развој на планските региони, јавните претпријатија и јавните установи основани од државата, од општините и од општините во градот Скопје, високообразовните и научни институции и здруженијата.

**Член 48**

(1) За доделување на средствата од членот 37 став (2) алинеи 2 и 4 од овој закон, Бирото објавува јавен повик за прибирање на Предлог-проекти.

(2) Во јавниот повик од ставот (1) на овој член се наведува вкупниот износ на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и на селата, одделно за секој регион. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(3) Право да поднесуваат Предлог-проекти за развој на урбаните подрачја имаат општините со седиште во град, општините во градот Скопје и градот Скопје што припаѓаат на планскиот регион. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(4) Право да поднесуваат Предлог-проекти за развој на селата имаат општините и општините во градот Скопје кои припаѓаат на планскиот регион.

(5) Општините со седиште во град и општините во градот Скопје кои пријавуваат проекти за развој на селата кои се во нивен состав, се должни да обезбедат кофинансирање на проектот во износ од 50% од вредноста на проектот.

(6) Кофинансирањето на проектите може да се обезбеди од сопствени извори на приходи и од други домашни и меѓународни извори.

(7) Општините со седиште во село немаат обврска за кофинансирање на проектите.

**Член 49**

(1) Проектите за развој на планските региони, проектите за развој на урбаните подрачја, проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проектите за развој на селата, кои за финансирање се доставуаат преку Формулар за аплицирање согласно со Насоките за аплицирање објавени од Бирото, задолжително треба да ги содржат следниве елементи:
- име на проектот,
- носител на проектот,
- цели на проектот,
- очекувани резултати од проектот,
- финансиска конструкција на проектот,
- времетраење и динамика на реализација на проектот и
- други елементи во зависност од специфичноста на проектот (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

(2) Во проектите за развој на планските региони, проектите за развој на урбаните подрачја, проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проектите за развој на селата, задолжително се назначува поврзаноста на проектот со приоритетите од Програмата за развој на планскиот регион од членот 13 од овој закон и Програмата за спроведување на Стратегијата од членот 11 став (4) од овој закон. (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

(3) Доколку во периодот на поднесување на Предлог-проектите од ставот (1) на овој член, планските документи не се донесени во рокот определен со закон, подносителите ја назначуваат поврзаноста на проектот со приоритетите од Програмата за развој на планскиот регион од членот 13 од овој закон или Програмата за спроведување на Стратегијата од членот 11 став (4) од овој закон, од претходниот плански период.

**Член 50**

(1) За оценување на поднесените Предлог-проекти за развој на планските региони, проекти за развој на урбаните подрачја, проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проектите за развој на селата и за проектите кои се финансираат од средствата од членот 57 став (1) од овој закон се формира Комисија за оцена на проекти. (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

(2) Министерот ја формира Комисијата од ставот (1) на овој член, која е составена од претседател и четири члена.

(3) Претседателот на Комисијата се именува од редот на раководните административни државни службеници од организационата единица за рамномерен регионален развој во Министерството.

(4) Еден член на Комисијата се именува од редот на административните државни службеници од кабинетот на заменик на претседателот на Влада задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

(5) Еден член на Комисијата се именува од редот на административните државни службеници од Бирото.

(6) Двајца членови по предлог на министерот, се именуваат од редот на стручни лица од областа градежништво, архитектура, правни науки и економија.

(7) Комисијата за оцена на проекти ги разгледува и оценува поднесените Предлог-проекти од ставот (1) на овој член и ја утврдува висината на планираните средства за менаџирање на проектите за развој на планските региони.

**Член 51**

(1) Проектите за развој на планските региони, проектите за развој на урбаните подрачја, проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проектите за развој на селата, произлегуваат од дефинираните приоритети во Програмата за развој на планскиот регион. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(2) Проектите од ставот (1) на овој член кои не го исполнуваат условот од дефинираните приоритети во Програмата за развој на планскиот регион, нема да бидат разгледувани.

(3) Начинот и методологијата за оценувањето на Предлог-проектите ги пропишува министерот.

**Доделување на средствата за поттикнување рамномерен регонален развој**

**Член 52**

(1) По извршеното оценување на Предлог-проектите, Комисијата подготвува Предлог-листи за финансирање на:
- проекти за развој на планските региони,
- проекти за развој на урбаните подрачја,
- проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и

- проекти за развој на селата. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(2) Предлог-листите од ставот (1) алинеи 1, 2 и 4 на овој член се подготвуваат одделно за секој регион.

(3) Предлог-листите од ставот (1) на овој член се доставуваат до министерот.

(4) По извршеното оценување на Предлог-проектите, Комисијата подготвува Предлог-листи за финансирање на:
- проекти за развој на планските региони,
- проекти за развој на урбаните подрачја,
- проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и
- проекти за развој на селата. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(5) Советот врз основа на Предлог-листите утврдува Предлог за финансирање на конкретни проекти за развој на планските региони, на урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата со одлука. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(6) При утврдување на предлогот за финансирање на проектите за развој на планските региони, на урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата, Советот води сметка за рамномерна застапеност при доделување на средства на сите општини што припаѓаат на планскиот регион. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

**Член 53**

Владата врз основа на Предлог-листите од членот 52 став (5) од овој закон донесува Одлука за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони, проекти за развој на урбани подрачја, проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проекти за развој на селата. **(ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

**Член 54**

Средствата од членот 53 од овој закон се распределуваат на сметка на Бирото кое ја спроведува Одлуката од членот 53 од овој закон.

**Член 55**

(1) Врз основа на Одлуката од членот 53 од овој закон, Бирото склучува договори за реализација на проектите.

(2) Договорите за реализација на проектите за развој на планскиот регион се склучуваат со Центрите за развој на планските региони. Центрите ги реализираат проектите во соработка со општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на кои се однесуваат.

(3) Договорите за имплементација на проектите за развој на урбаните подрачја и проектите за развој на селата се склучуваат со општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои се носители на проекти**. (ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија)**

(4) Договорите за имплементација на проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби се склучуваат со општините, општините во градот Скопје, Центрите за развој на планските региони, јавните претпријатија и јавните установи основани од државата, од општините во градот Скопје и од градот Скопје, високо образовните и научни институции и здруженијата.

(5) Во договорот од ставот (1) на овој член се определува начинот и користењето на доделените средства и висината на средствата за менаџирање на проектите од членот 43 став (6) од овој закон.

**Член 56**

Бирото организира, спроведува и координира теренски посети за следење на начинот на реализацијата на проектите од членот 53 од овој закон, согласно со начинот и постапката за следење на реализацијата на проектите и вршење теренски посети пропишани со акт кој го донесува министерот на предлог на Бирото.

Распределба на средствата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност

**Член 57**

(1) Министерството спроведува Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност.

(2)Во рамки на Програмата од ставот (1) на овој член, ќе се поддржат активности за изведба на градби во смисла на подобрување на пристапот до инфраструктура на ниво на плански региони и на локално ниво, активности поврзани со дејноста на јавните претпријатија основани од општините,општините во градот Скопје и градот Скопје,  како и активности од членот 36 став (2) од овој закон.“.

(3) Средствата за спроведување на Програмата од ставот (1) на овој член се утврдуваат во буџетот на Министерството.

(4) Програмата од ставот (1) на овој член на предлог на Министерството ја донесува Владата.

(5) Во Програмата од ставот (1) на овој член се наведуваат приоритетните мерки и активности за намалување на разликите во степенот на развиеност меѓу и во рамките на планските региони и за зголемување на регионалната конкурентност кои ќе бидат финансиски поддржани во тековната година, а кои произлегуваат од приоритетите утврдени во планските документи за регионален развој.

**Член 58**

1) Во рок од 15 дена по донесувањето на Програмата од членот 57 став (1) од овој закон, Министерството објавува отворен јавен повик за финансирање на Предлог- проекти по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој, наведени во Програмата од членот 57 став (1) од овој закон на својата веб-страница и во два печатени медиуми од кој еден на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот и истиот останува отворен се до искористувањето на средствата.

(2) Доколку во текот на годината се обезбедат дополнителни средства за Програмата од членот 57 став (1) од овој закон, Министерството објавува нов отворен јавен повик. Јавниот повик може да биде и посебен за конкретна активност или активности од член 57 став (2).

(3) Отворениот јавен повик од ставот (1) и (2) на овој член содржи:

- услови за учество на отворениот јавен повик,

- критериуми врз чија основа ќе се врши оцена на Предлог-проектите,

- други информации.

(4) Корисници на средствата од ставот (1) и (2) на овој член, можат да бидат Центрите за развој на планските региони, општините, општините во градот Скопје, градот Скопје, јавните претпријатија и јавните установи основани од државата, општините, општините во градот Скопје и од градот Скопје, високообразовните и научни институции и здруженијата.

(5) Корисниците од ставот (4) на овој член ги поднесуваат своите Предлог-проекти на образец, кој се објавува на веб-страницата на Министерството со прилог- насоки за поднесување на Предлог-проекти.

(6) Добиените Предлог-проекти од ставот (5) на овој член ги оценува Комисијата од членот 50 став (1) од овој закон.

(7) Оценувањето на Предлог-проектите се спроведува во согласност со актот од членот 51 став (3) од овој закон.

(8) Од Програмата од членот 57 став (1) од овој закон можат да се кофинансираат и проекти утврдени со одлука на Владата од членот 53 од овој закон, за кои се одобрени помалку средства од побараните за целосно завршување на проектот.

(9) Во рамки на Програмата од членот 57 став (1) од овој закон можат да се финансираат и кофинансираат проекти кои ги спроведува Министерството, обезбедени од донации од домашни и странски субјекти и од други извори, во согласност со закон, како и активности за спроведување и унапредување на законската рамка на политиката за рамномерен регионален развој од надлежност на Министерството утврдени со овој закон.

**Член 59**

(1) Оценувањето на добиените Предлог-проекти започнува по истекот на рокот од 30 дена од денот на објавувањето на јавниот повик од членот 58 став (1) од овој закон и се спроведува во текот на целата буџетска година според динамиката на прибирање на Предлог-проектите.

(2) По спроведеното оценување на Предлог-проектите од ставот (1) на овој член, Комисијата од членот 50 став (1) од овој закон подготвува извештај од спроведеното оценување на Предлог-проектите, со предлог листа за финансирање од позитивно оценетите проекти, која ја доставува до министерот.

(3) Министерот во рок од 30 дена од денот на добивањето на извештајот од ставот (2) на овој член, донесува одлука за избор на проекти за финансирање од Програмата од членот 57 став (1) од овој закон.

(4) Доколку во рамки на Предлог-листата од ставот (2) на овој член, биде предложен проект за кој е потребно повеќегодишно финансирање, министерот може да го избере, по претходно добиено позитивно мислење од Владата.

(5) Резултатите од изборот од ставот (3) на овој член се објавуваат на веб-страницата на Министерството.

(6) На веб-страницата на Министерството се објавуваат и податоци за Предлог-проектите кои не се избрани на отворениот јавнен повик од членот 58 став (1) од овој закон.

**Член 60**

Проектите кои се избрани за финансирање согласно со јавниот повик од членот 58 став (1) од овој закон, треба да се реализираат до крајот на тековната година,

освен проектите за кои е одобрено повеќегодишно финансирање, како и проектите и активностите кои ги спроведува Министерството.

**Член 61**

(1) Министерството склучува договори со корисниците на проектите од членот 59 став (3) од овој закон за финансирање на проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност.

(2) Со договорот од ставот (1) на овој член, се утврдуваат: име на проектот за кој се доделуваат средствата, висината на средствата, начинот на користење на средствата, динамиката и рокот за реализирање на проектот, доставувањето на извештаи во врска со проектот, следење на наменското користење на средствата, санкциите за неисполнување на обврските од договорот и други прашања со кои се регулираат правата и обврските на корисниците.

(3) На договорот од ставот (1) на овој член, се применуваат прописите од областа на облигационите односи.

**Член 62**

(1) Корисниците се должни да ги користат наменски доделените средства добиени од Програмата од членот 57 став (1) од овој закон.

(2) Корисниците на проектите доставуваат полугодишни извештаи за степенот на реализација на одобрените проекти од членот 59 став (3) од овој закон. Доколку во договорот од членот 61 став (1) од овој закон е предвидена фазна реализација на проектот, корисниците се должни по секоја завршена фаза да доставуваат извештај за реализација проектот до Министерството.

(3) Во рок од 30 дена по завршувањето на проектот, корисниците се должни да достават до Министерството извештај за реализација на проектот кој се состои од наративен дел, спецификација на вкупно искористените средства од Министерството за реализација на проектот со приложени финансиски документи.

(4) Министерството го следи користењето на средствата во текот на реализацијата на склучените договори од членот 61 став (1) од овој закон, преку извештаите за реализација на проектите за кои се доделени средства.

(5) Доколку се утврди дека доделените средства се користат спротивно на договорот од членот 61 став (1) од овој закон, односно корисниците не ги користат наменски доделените средства или не се придржуваат на роковите и обврските од договорот, Министерството еднострано ќе ги раскине договорите, ќе го прекине

натамошното финансирање на проектите и корисниците се должни во рок од 30 дена да ги вратат доделените средства на Министерството.

(6) Доколку корисниците во рокот утврден во ставот (5) на овој член не ги вратат доделените средства, Министерството ќе поведе постапка пред надлежен суд за враќање на исплатените средства зголемени со казнена камата согласно со закон.

## VIII. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАМНОМЕРНИОТ РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ПРЕКУ ДРУГИ ПРОГРАМИ/ПОТПРОГРАМИ

### Член 63

(1) Финансирањето на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Северна Македонија може се врши и преку програми што се реализираат од страна на ресорните министерства и другите органи на државната управа.

(2) Значењето на програмите за поттикнување на рамномерниот регионален развој се утврдува врз основа на проценка за придонес на програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони. Програмите задолжително го земаат во предвид степенот на развиеност на планските региони како еден од критериумите при доделување на средствата.

(3) Предлог-програмите за наредната година кои ресорните министерства и другите органи на државната управа кои се од значење за рамномерниот регионален развој и се дел од нивното Предлог-буџетско барање ги доставуваат до Советот за рамномерен регионален развој, во периодот пред донесување на Предлог-програмите на ресорните министерства од Владата.

(4) Проценката за значењето на поодделните програми за намалување на диспаритетите во развојот меѓу и во планските региони ја врши Министерството и истата ја доставува до Советот за рамномерен регионален развој, во периодот пред нивното донесување од Владата.

(5) Основни критериуми за проценка се: местото во кое се спроведува проектот и негова поврзаност со приоритетите на програмата за развој на планскиот регион и степенот на развиеност на планскиот регион од членот 34 став (1) од овој закон.

(6) Поблиските критериуми за проценката од ставот (4) на овој член ги утврдува Владата на предлог на Советот за рамномерен регионален развој.

(7) Во случај кога во тековната година од програмите од ставот (1) на овој член на планскиот регион му се доделени помалку средства од износот пресметан за планскиот регион согласно степенот на развиеност од членот 34 став (1) од овој

закон, на предлог на Советот, Владата со акт ги задолжува надлежните државни органи во наредната буџетска година да го надоместат кусокот.

## IX. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ ДОКУМЕНТИ И ПРОЕКТИТЕ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

### Следење на спроведувањето на планските документи за регионален развој

### Член 64

(1) Следење на реализацијата на Стратегијата за регионален развој врши Владата преку Годишен извештај за спроведување на Стратегијата.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член го подготвува Министерството и го доставува до Владата за информирање, по претходно мислење од Советот за рамномерен регионален развој до крајот на тековната година, за претходната година.

### Член 65

(1) Следење на спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион вршат Советот за рамномерен регионален развој, Советот за развој на планскиот регион и советите на општините кои припаѓаат на планскиот регион, преку Годишен извештај за реализација на Програмата.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се состои од наративен и табеларен дел.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член особено ги содржи следниве податоци:
- листа на реализирани проекти и активности во рамки на секоја поединечна мерка, во согласност со стратешките приоритети утврдени во Програмата за развој на планскиот регион,
- финансиски извори,
- реализирани средства за спроведување на секој подинечен проект и активност од ставот (2) алинеја 1 на овој член,
- област на реализација,
- име на корисник на секој поединичен проект од ставот (2) алинеја 1 на овој член и
- индикатор за мерење на успешноста на мерката/секој поединичен проект од ставот (2) алинеја 1 на овој член.

(4) Формата и содржината на образецот на извештајот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

(5) Извештајот од ставот (1) на овој член, го подготвува Центарот за развој на планскиот регион и го доставува до Советот за развој на планскиот регион.

(6) Извештајот од ставот (1) на овој член, Советот за развој на планскиот регион го доставува до Министерството, Советот за рамномерен регионален развој и советите на општините кои припаѓаат на планскиот регион.

**Следење на користењето на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој**

**Член 66**

(1) Следење на користењето на средствата за поттикнување рамномерен регионален развој од членот 37 став (2) од овој закон, врши Бирото преку извештаи за реализација на проектите за кои се доделени финансиски средства.

(2) За проектите за развој на планските региони, извештаи за реализација подготвува Центарот за развој на планскиот регион и го доставува до Бирото согласно со временската динамика утврдена во договорот за реализација на проектот.

(3) За проектите за развој на урбаните подрачја, проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и на проектите за развој на селата, извештаи за реализација подготвуваат носителите на проектите и ги доставуваат до Бирото согласно со временската динамика утврдена во договорот за реализација на проектот. (**ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија**)

(4) Министерствата надлежни за реализација на програми и проекти од значење за рамномерниот регионален развој до Министерството доставуваат податоци за реализација на програмите и проектите кои ќе се користат за потребите на планирањето на регионалниот развој и реализација на мерките и инструментите за поттикнување на рамномерниот регионален развој.

(5) Податоците од ставот (4) на овој член се внесуваат во електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој.

**Оценување на планските документи за регионален развој**

**Член 67**

Стратегијата за регионален развој и Програмата за развој на планскиот регион се оценуваат преку тековно и завршно оценување.

**Член 68**

(1) Тековното оценување на Стратегијата за регионален развој и програмите за развој на планските региони се врши на средина од периодот на спроведување на планските документи.

(2) Со тековното оценување се прави оцена на реализацијата и ефектите од спроведените мерки за поттикнување регионален развој, идентификувани во Стратегијата и програмите за развој на планските региони.

**Член 69**

(1) Завршното оценување се врши по завршувањето на периодот на спроведување на планските документи.

(2) Со завршното оценување се прави оцена на степенот на реализација на планскиот документ, исполнувањето на приоритетите и целите од планските документи и за постигнатите ефекти за поттикнување рамномерен регионален развој.

**Член 70**

(1) За спроведеното тековно и завршно оценување се подготвуваат извештаи кои се основа за измена и дополнување на планските документи.

(2) Начинот на избор на оценувачи и методологијата за оценување на Стратегијата од членот 11 став (1) од овој закон и Програмата од членот 13 став (1) од овој закон, ги пропишува министерот.

**Оценување на реализацијата на проектите финансирани од Програмата за регионален развој/Потпрограма рамномерен регионален развој**

**Член 71**

Оценувањето на реализацијата на проектите за развој на планските региони, на урбаните подрачја, проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и проектите за развој на селата што се финансираат од средства од Буџетот на Република Северна Македонија за поттикнување рамномерен регионален развој, се врши преку прелиминарно, тековно и завршно оценување. *ќе се применува до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија*.

**Член 72**

(1) Прелиминарното оценување се врши на проектите поднесени за финансирање од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за поттикнување рамномерен регионален развој.

(2) Со прелиминарното оценување на проектите се прави оцена за исполнетоста на пропишаните услови за финансирање од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за поттикнување рамномерен регионален развој.

(3) Прелиминарното оценување на проектите го врши Комисијата од членот 50 став (1) од овој закон.

**Член 73**

(1) Тековното оценување на проектите се врши во текот на реализација на проектите.

(2) Со тековното оценување на проектите се прави оцена на целисходноста на користењето на средствата, почитувањето на временската динамика за реализација на предвидените активности и ефектите од нивната реализација.

**Член 74**

(1) Завршното оценување на проектите се врши по завршувањето на проектите.

(2) Со завршното оценување се прави оцена на општата успешност за реализирање на проектот, целисходноста на користење на средствата, исполнувањето на поставените цели и реализацијата на очекуваните резултати.

**Член 75**

(1) За спроведеното прелиминарно, тековно и завршно оценување се подготвуваат извештаи кои се основа за изменување и дополнување на планските документи.

(2) Начинот на избор на оценувачи и методологијата за тековното и завршното оценување на проекти ги пропишува министерот.

**Оценување на реализацијата на проектите за рамномерен регионален развој финансирани од други програми**

**Член 76**

Оценувањето на реализацијата на проектите од значење за рамномерниот регионален развој, финансирани од други програми се врши согласно со воспоставените правила на ресорните министерства.

## X. ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ПЛАНИРАЊЕТО, СПРОВЕДУВАЊЕТО, СЛЕДЕЊЕТО И ОЦЕНУВАЊЕТО НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

### Член 77

(1) Електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој врши собирање, користење и архивирање на податоци и информации значајни за планирање, спроведување, следење и оценување на политиката за рамномерен регионален развој.

(2) Надлежен државен орган за одржување, управување и користење на електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој е Министерството.

(3) Електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој обезбедува база на релевантна документација на реализирани, тековни и планирани проекти од значење за рамномерниот регионален развој, статистичко следење и прегледи на нивото на развој на регионите, како и информации за поврзување на програми со изворите на финансирање.

(4) Податоците и информациите од електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој се основа за координација и усогласување на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој со другите политики и програми.

(5) Министерствата и другите органи на државната управа кои спроведуваат програми/проекти од значење за регионалниот развој се должни да доставуваат до Министерството тримесечни извештаи за користењето на средствата за регионален развој.

## XI. НАДЗОР

### Член 78

Надзор над примената на одредбите од овој закон врши Министерството.

### Член 79

Финансиска контрола над материјално-финансиското работење на Бирото и Центрите за развој на планските региони вршат Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 80

Електронскиот систем за подобрување на координацијата во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политика за поттикнување на рамномерен регионален развој ќе се воспостави во рок од шест месеци од денот на влегувањето на сила на овој закон.

### Член 81

Првата тригодишна програма од членот 11 став (4) од овој закон, Владата ќе ја донесе во рок од шест месеци од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

### Член 82

(1) Бирото за регионален развој продолжува да работи како орган на државната управа во состав на Министерството за локална самоуправа согласно со одредбите од овој закон.

(2) Центрите за развој на планските региони кои се основани до денот на влегувањето во сила на овој закон согласно со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/2007, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), продолжуваат со работа и ги вршат работите согласно со одредбите од овој закон.

### Член 83

Директорот на Бирото за регионален развој именуван од Владата до денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија број 63/2007, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

### Член 84

(1) Раководителите на Центрите за развој на планските региони, избрани од советите за развој на планските региони до денот на влегувањето во сила на овој

закон согласно со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија број 63/2007, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), продолжуваат да ги извршуваат работите согласно со овој закон до истекот на мандатот за кој се избрани.

(2) Преименувањето на раководителите на Центрите за развој на планските региони во директори врз основа на членот 37 од овој закон, ќе се изврши со изменување на актот за основање на Центарот од членот 26 став (5) од овој закон и со актот на советот за развој на планскиот регион во рокот утврден согласно со членот 86 од овој закон.

**Член 85**

Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година („Службен весник на Република Македонија" број 234/18), Одлуката за определување на подрачјата за специфични развојни потреби во Република Северна Македонија за периодот од 2020 до 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 263/19), Правилникот за постапката и методологијата за оценување на предлог проекти („Службен весник на Република Северна Македонија" број 47/20), Правилникот за определување на поблиските критериуми за висината на средствата за менаџирање на проектите за развој на планските региони кои се одобрени за финансирање („Службен весник на Република Македонија" број 57/16) и Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој („Службен весник на Република Македонија" број 102/2009), продолжуваат да се применуваат до донесувањето на одлуките и правилниците од овој закон.

**Член 86**

(1) Општините во состав на планските региони, а во планскиот регион во кој припаѓа градот Скопје и градот Скопје се должни во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласат актот за основање на Центарот за развој на планскиот регион од членот 26 став (5) од овој член со одредбите од овој закон.

(2) Советите за развој на планските региони се должни во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги усогласат своите акти со одредбите од овој закон.

**Член 87**

(1) Лицата кои имаат стекнато право на плаќање придонеси за пензиско инвалидско и здравствено осигурување согласно со Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја („Службен весник на

Република Македонија“ број 2/94 и 39/99), до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да го користат правото до остварувањето на пензија согласно со закон.

(2) Средствата за остварување на правото од ставот (1) на овој член се обезбедуваат од средствата од членот 37 став (2) алинеја 1 од овој закон.

**Член 88**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 89**

Одредбите од членот 21 став (5) од овој закон ќе започнат да се применуваат по одржување на првите наредни локални избори.

**Член 90**

Одредбите од членовите 58, 59, 60, 61 и 62 од овој закон ќе започнат да се применуваат по донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

**Член 91**

Програмата од членот 57 став (1) од овој закон во 2021 година ќе ја спроведува Бирото, во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година, при што во согласност со Министерството, средствата за финансирање на активностите за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност се определуваат процентуално како дел од вкупните средствата за поттикнување рамномерен регионален развој за тековната година.

**Член 92**

Одредбите од членот 2 ставови (15) и (16), член 3 став (1) алинеја 5, 6, член 12 став (1) алинеја 2, член 15 став (1) алинеја 3 и став 2, член 18 став (1) алинеи 7 и 8, член 25 став (1) алинеи 6 и 7, член 37 став (2) алинеја 2, член 39 став (3), член 42, член 44 ставови (5) и (9), член 45, член 46 став (1), член 48 ставови (2) и (3), член 49 ставови (1) и (2), член 50 став (1), член 51 став (1), член 52 ставови (1), (4), (5) и (6), член 53, член 55 став (3), член 66 став (3) и член 71 од овој закон ќе се применуваат до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Член 93**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 63/2007, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18).

**Член 94**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.